РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 09-171/6
26.02.2024 ГОД.
РЕСЕН

**Предлози од заинтересираната јавност по Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменик на природата Преспанско Езеро (2024 – 2033)**

Од: Јасмина Илиевска-Марјановиќ

Целосно ги одбрувам визијата, мисијата и примарната цел во извештајот: сочувување на природните вредности како примарен приоритет на локалното население и заштита од неповолните фактори од антропогено потекло. Се согласувам и со проценката на земјоделските активности (особено употребата на вештачки ѓубрива и исфрлањето отпад), пожарите и недоволниот капацитет за управување како клучни и примарни закани од антропогено потекло со највисоко ниво на закана врз разните екосистеми во подрачјето.
Меѓутоа, би сакала да обрнам внимание дека е неопходно вклучување на антропогените закани од:
1) легална сеча на огромни површини шумска вегетација во зашитетните подрачја од регионот (од страна на шумските претпријатија во изминатите декади, како и од други понови приватни сопственици на соларни електрични централи во последнава година, кое може да има голем обем и влијание)
Како што на биолозите им е добро познато, а во пермакултурните практики низ целиот свет е докажано, за одржување, зголемување или враќање на водата во езерото и подземните води од најголемо значење е одржувањето на шумската вегетација, преку чиишто корени атмосферската вода од дождовите понира во внатрешноста на почвата. Иако шумите не спаѓаат во самото заштитено подрачје на Споменикот на природата Преспанското Езеро, тие спаѓаат во заштитените подрачја Национален парк Галичица и Пелистер, а нивната поврзаност со него е неиздвоива и клучна за неговата заштита. Голем дел од активностите на зголемување на свеста кај локалното население треба да се сврти кон значењето на шумите за враќање на нивото на водата, а огромен број од општински мерки на контрола треба да се свртат кон заштита од сеча, особено контрола врз легалната сеча кај приватните компании (шумски, соларни и сл.), забрани за сеча врз купено шумско земјиште, обврзување за рамноправно пошумување (садење) кај шумските компании (а не само сеча), како и иницијативи за пошумување на запоставени и голи ридски површини (ниви или пасишта) со пермакултурни “swales” (засадени ровови по хоризонталните контури на ридот, во кои водата се задржува и полесно понира), предавања и обуки со светски предавачи за овој вид ултра-успешни методи на самопомош кои граѓаните можат да ги изведат и во сопствена режија на своите имоти, доколку ја сфатат нивната успешност и пустина да претворат во оаза.
2) дозволувањето градба на мали хидроелектрични централи на планинските реки во заштитените подрачја од регионот.
Неповолните и дури катастрофални влијанија врз биодиверзитетот на Преспанското Езеро беа докажани во однос на МХЦ Брајчино на Брајчинска река, истражени во публикацијата „Уништени реки“ од Bankwatch и EuroNatur во 2017 година и документирани во истражувачкиот филм „Заробени реки“ од еколошкото друштво „Еко-свест“ во 2022 година.

Оваа хидроцентрала има големи последици врз најзаштитените видови од примарно значење во областите предвидени да бидат заштитени со строга заштита со овој извештај (како сливот на Брајчинска река). Повторно, иако овој облик на антропогена закана не лежи во границите на самиот Споменик на природата Преспанското Езеро, но лежи во заштитени подрачја национални паркови и неговата поврзаност со езерото е од високо значење за неговата заштита, а воедно е поврзана и со Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро. Понатаму, во однос на деловите кај стопанските гранки, ги препорачивам следните измени:

- Кај сè што се однесува на секторот туризам, препорачувам целокупните напори околу развивање и ребрендирање на овој сектор треба да оди во насока на промоција на екотуризмот како примарен вид пред другите видови туризам. Тоа е единствената доходовна можност која би била во корелација со овој извештај/план и би го помагала одржувањето на поволната екосистемска состојба на заштитеното подрачје. Има огромен број алтернативни облици на екотуризам кои би можеле да се развиваат за да го задоволат интересот на ЕУ за планинарење и истражување на биодиверзитетот на овие подрачја кој е стар со милениуми, наместо развој на капацитети за алкохолизирана забава.
- Во деловите за шумарство треба да се надополни дека: Сепак, вкупното намалување на шумскиот фонд преку стопанисување со истиот по нелегален, но и уште повеќе по легален пат, како и опасностите од експлоатација на клучниот шумски речен фонд за производство на хидроелектрична струја се идентификувани како индиректен и сериозен притисок врз ранливиот езерски екосистем и заслужуваат заштитни мреки во планирањето и управувањето на ниво на сливот на Преспанското Езеро.
- Во однос на земјоделието и употребата на бушотини како алтернатива за користењето вода од езерото за наводнување, препорачувам ова да не се размислува како алтернатива, туку да се предвидува најстрога заштита на подземните води (истражување на потенцијалот, определување на максимална дозволена количина вода за наводнување), бидејќи тоа се последните резерви на езерото, за чиешто враќање ќе бидат потребни стотици години.

Во согласност со овие антропогени закани, препорачувам да се надополнат потпрограмите на следниот начин:

## Програма 1: РАКОВОДЕЊЕ, АДМИНИСТРАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ПОДРАЧЈЕТО

**Потпрограма 1.6**: Надзор на човечките ресурси во управната и раководната струкура која ќе раководи со заштитените подрачја
**Цел:** Да се обезбедат механизми за надзор, одговорност и промена на кадрите доколку не се постигнуваат задоволителни резултати.

## Програма 2: ЗАЧУВУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО НА ПОДРАЧЈЕТО

**Потпрограма 2.11**: Оптимизација на легалната сеча во шумските претпријатија и други приватни претпријатија.
**Цел:** Да се спречи понатомошното намалување на шумскиот фонд кој е директно поврзан со водниот фонд.

**Потпрограма 2.12**: Управување со шумскиот фонд и води
**Цел:** Да се зголеми садењето и пошумувањето, а да се намали сечата и хидроелектричната експлоатација, кои имаат негативен ефект врз водниот фонд, живелиштата и видовите.

**Потпрограма 2.13**: Управување со подземните води
**Цел:** Да се истражи расположливиот капацитет и потенцијал на подземните води и да се определи и контролира максималната дозволена количина вода за наводнување, заради заштита на водниот фонд, живелиштата и видовите.

## Програма 3: РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ И РЕКРЕАЦИЈА

**Цел:** Да се обезбедат услови за одржлив развој на регионот преку валоризирање на природните вредности и спроведување на одржливи практики на нивно управување и искористување, **особено преку давање приоритет на екотуризмот пред другите видови туризам.**

**Потпрограма 3.1**: Туристичка валоризација на подрачјето за развој на екотуризам
**Цел:** Да се создаде база на целокупните туристички вредности и потенцијал за развој на одржлив екотуризам на подрачјето

**Потпрограма 3.3:** Соработка со туристички сектор
**Цел:** Да се овозможи золемена организирана посетеност на подрачјето и интензивира неговата промоција како екотуристичка локација

Потпрограма 3.4: Развој на инфраструктура за поддршка на посетителите и поттик на одржлив развој
**Цел:** Да се овозможат предуслови за згоемено присуство на посетители и содржини за нивна анимација кои ќе бидат во склад со еколошкиот туристички профил

## Програма 4: ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ (СО АКЦЕНТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ)

**Потпрограма 4.4:** Подршка на локалниот развој преку обучување на локалните заедници за нови работни места кои ќе ги промовираат екотуристичките вредности на подрачјето (туристички водичи)
**Цел:** Да се создадат човечки ресурси кои ќе го водат екотуризмот како примарна гранка во подрачјето, а ќе ги вклучува традиционалните активности.

## Програма 5: ЕДУКАЦИЈА, ИНФОРМИРАЊЕ, ПРОМОВИРАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ПОДРАЧЈЕТО

**Потпрограма 5.7:** Подигање на свеста меѓу локалното население за клучното значење на шумскиот фонд за зачувување на водите и биодиверзитетот на подрачјето
**Цел:** Да се промени односот на луѓето кон шумите во подрачјето

**Потпрограма 5.8:** Обука на земјоделците за пермакултурни методи на еколошко прифатливо производство кои го заштитуваат биодиверзитетот на подрачјето и го зголемуваат водниот фонд
**Цел:** Да се промени односот на луѓето кон монокултурното земјоделие

## Одговор на поставените предлози

Предлозите, кои во законски предвидениот рок, беа доставени до Секторот за животна средина при општина Ресен се однесуваат на планскиот документ "**Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменик на природата Преспанско Езеро (2024 – 2033)„** и во согласност со позитивната законска регулатива и подзаконските акти кои беа земени предвид при спроведување на постапката, како одговор на доставените предлози, укажуваме на следното:

1. Подрачјето во фокусот на овој документ е СП Преспанското Езеро (категорија III, според IUCN) со вкупна површина од 17.788,61 хектари. Прогласувањето го опфаќа делот од езерото кое припаѓа на Република Северна Македонија и во границите на заштитеното подрачје СП Преспанско Езеро нема шуми и согласно позитивната законска регулатива управувачот со заштитеното подрачје нема надлежност врз шумскиот фонд.

2. Во границите на заштитеното подрачје, забрането вршење на било каква градба, тоа се гледа во табелата број 24 за дозоволени и забраните активности во предлог зоните за управување со подрачјето. Истотака, изградбата на мали хидроцентрали се во надлежност на други државни институции а не во надлежност на управувачкото тело на СП ПЕ.

Понатаму, во однос на туризмот во заштитеното подрачје:

**принципот на одржлив развој претпоставува соодветен економски, технолошки, социјален и културен развој, хармонизиран со потребите за заштита и унапредување на целокупниот систем на животната средина**. Одржливиот развој го признава постоењето на природни граници, кои произлегуваат од способноста на биосферата да ги апсорбира негативните ефекти на човековата активност. Станува збор за специфичен развој што истовремено треба да им овозможи и на сегашните и на идните генерации сестрано задоволување на нивните потреби и подобрување на квалитетот на животот во целост.

Согласно концептот на одржлив развој, **одржливиот туризам во заштитените подрачја** во Преспанскиот регион, може да биде најдобра интегрирана алатка за валоризација на природното богатсво, негова заштита и економскиот развој на локалното население, унапредување на природните и културните вредности на подрачјето врз трајна основа.
**EUROPARK** под терминот одржлив туризам подразбира: секој вид на туризам кој што **придонесува за развој и заштита на животната средина, соционалниот и економскиот интегритет.** Односно:

**"Одржлив туризам е одговорно располагање со туриститчките ресурси„**

Самата имплементација на **концептот на одржлив развој на туризмот во Преспанскиот регион** се темели врз следните три универзални принципи:

- **Еколошки принцип**, кој подразбира соодветен развој на туризмот, што не се спротивставува со еколошките закони и природната репродукција на ресурсната основа;
- **Социокултурен принцип**, кој треба да овозможи компатибилен развој на туризмот преку заштита на културните придобивки и идентитетот на локалната заедница, како и активно учество на локалното население во планирањето и управувањето со развојот на туризмот; и
- **Економски принцип,** кој овозможува инвестирање во таканаречен "правилен" развој на туристичката дестинација, втемелен врз локалните автентични вредности, како и остварување профит што е неопходен за поубав живот на сегашните и идните генерации.
-

Согласно тоа, во ПУ со СП ПЕ, беше искористен поимот ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ на место ЕКОТУРИЗАМ. Одржлив туризам самопосебе, како поширока рамка, го содржи екотуризам како еден вид на туризмот во Преспанскиот регион.

Во однос на препораките за дополнување на програмите со потпрограми:

1. Надзор над работите на заштита на природата, вонредни и редовни надзори, врши Државниот инспекторат за животна средина-Инспектори за природа, тоа е во согласност со ЗЗП.
2. Надлежноста над шумскиот фон има ЈП Национални шуми-МЗШВ, а не е во надлежност на управувачкото тело на заштитеното подрачје.
3. И тоа се однесува на други надлежни институции.
4. Управување со подземните води се во надлежност на други институции. Согласно позитивната законска регулатива, Сектор за води при МЖСПП ги дава потребните дозволи и согласности за одржливо искористување на подземните и површинските води во РСМ. Тоа е регулирано во согласност со Законот за води и други подзаконски акти.
5. Во однос на развој на екотуризмот, погоре беше одговорено.
6. Во 5-годишниот оперативен план, сите потребни обуки, за различни намени се предвидени во време, приоритет, финансиски средства и институцијата одговорна за реализација на истите.
7. Обуките се однесуваат на: подигање на јавната свест за природните вредности на подрачјето и одржливо управување со тие ресурси. Обуките се наменати за сектор образование, сектор земјоделје, бизнис секторот, туристикиот сектор и др.

Вашите предлози во целина се дел од сетот на мерки и активности во 5-годишниот оперативен план во рамките на ПУ со СП Преспанското Езеро (да се разгледаат потпрограмите 2.5, 2.6 и 2.7).

26.02.2024 година
Ресен

Раководител на Сектор за животна средина
Ајман Ал малла